**Даштевски Б.**

# ЕТНОСТОМАТОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЈА

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - Скопје, Катедра за увод во стоматологијата

*Трудот обработува дел од културното и историското наследство на македонскиот народ. Се однесува на народното лекување и верувањата во врска со забоболката и болестите на устата. По пат на распит и раскажување се собрани информации што го осветлуваат како надрилекарството, така и начинот на кој се укажувала "соодветна" помош на заболените.*

Клучни зборови: историја на стоматологијата

На Балканот, како едно од најзначајните стратешки подрачја и главна крстосница меѓу Европа, Азија и Африка, доаѓало до меѓусебно проникнување на многу народи и нивните култури во текот на милениумите. Благодарение на тоа се напластувале низа придобивки, меѓу кои спаѓаат и тие во врска со лекувањето и разновидните верувања што имале допирни точки со него.

Големите миграции на разновидните народи на овие простори, меѓу другото, условиле мешање на повеќе културни слоеви. Како резултат на тоа мешање, тие се надополнувале и збогатувале.

Досегашните научни истражувања недвосмислено покажале дека Македонците создале вонредно богат фонд на етнографски материјали, иако дел од нив, поради временската дистанца, се покриени со превезот на заборавот, но она што е зачувано претставува неисцрпен извор на етнографско и етнолошко проучување.

Асировавилонската, арапската, египетската, еврејската, старогрчката, византиската и отоманската култура на исток и југ, како и римската, млетачката и западната што навлегувале од запад и север, разбирливо, влијаеле на културата на етностоматологијата на поранешните народи на оваа почва. Во оваа насока тие влијаеле и на културата на словенските народи, по нивното населување на Балканот.

Народното лекување, според преданијата и податоците од литературата, има иста етиологија како и кај сите други народи.

Разбирливо е дека се јавувале одделни специфичности што зависеле од географските и природните фактори, како и од социјалната, религиската и расната припадност.

## Метод

Иако од поранешните периоди не се зачувани многу пишани документи, науката успеала да изнајде методи со чија помош ги обелоденува некои етностоматолошки феномени што потекнуваат од древноста.

Палеонтологијата со своите дисциплини палеопатологија и палеоодонтологија, покрај другите извори (ископини, скелети, петрографии, кипови и надгробни споменици, митолошки верувања, проучувања на разни народи и нивно споредување, обичаи и мисленња, потекло на одделни зборови и друго) го определува и методот на распит и раскажување, како еден од најавтентичните докази што се пренесувале со жив збор, "од уста на уста", низ вековите.

За овој труд е користен методот на распит од студенти на прва година на Стоматолошкиот факултет во разни краишта на Република Македонија. Тие ги собирале директно од информатори или од прерас-

кажување на лични или семејни, комшиски и роднински доживувања. Оттаму, утврдените критериуми за распит се потпирале врз автентични кажувања и опишување на основните или воопштените генералии.

## Резултати

Сериозниот приод на одделни студенти даде добри резултати, релативно брзо. Благодарејќи на тоа беше создадена збирка на податоци која, поради ограничениот простор, е прикажана во сублимиран обем.

Во ракописот на Дарко Стрезоски, студент на стоматологија, пишува: "Пред седумдесетина години, во Подгорци, единствен "заболекар" била Форина Куцкин. За начинот на кој вадела заби зборува нејзиниот син Живадин Куцкин од Подгорци: *-Во тоа време мајка ми беше прочуена по својата "лесна" рака, па затоа многу често и се обраќаа луѓе за помош од нашето село, и не само од нашето село туку и од соседните места, како и од Струга. Инаку, мајка ми беше доста физички развиена бидејќи работеше физички работи зашто татко ми одеше на печалба. Клештите со кои вадеше заби, татко ми ги имаше донесено од Романија, со намера тој да вади заби прво на нас, во семејството, а подоцна и на други луѓе. Клештите ги носеше секогаш со себе, завиткани во чиста крпа и ставени во појасот. Често се случуваше некој да бара помош а мајка ми да е во поле и тогаш ќе го одведев човекот кај мајка ми. Кога ќе вадеше заб, прво ќе му речеше на човекот да седне и да ја отвори устата. Тогаш ги вадеше клештите и ги миеше со лута ракија и, додека "пациентот" мислеше дека проверува кој заб е расипан, таа ќе му го извадеше забот. Ќе почекаше да му истече гнојот и крвта и на местото на извадениот заб ставаше крупна сол. Не памтам некој да имал какви и да било последици. На крајот им се обраќаше со молитва: "Од мене себап, од господа здравје". По Втората светска војна Народниот одбор од Струга ја одреди мајка ми за прв "стоматолог" во Струга.*

Натаму Дарко ги прераскажува зборовите на Зора Маринова од село Подгорци. Религиозните заблуди и непросветеноста биле причина луѓето да бараат спас од сите болести во магиските зафати и во "бабините" лекови, а баењето, во чија моќ се верувало, се пренесувало од поколение на поколение. За распространетоста на овие појави се зачувани спомени кај некои возрасни луѓе до денес.

Според Зора: *"Ќе се родеше дете и ќе се однесеше во црква на крштевање, попот му ги мачкаше "забите со миросано масло и му правеше крст на чело со маслото за да биде здраво и да има здрави заби"...*

*На малите деца им зашиваа во облеката заб од волк за да има јаки заби како волк...*

*Додека бевме мали забите ни ги вадеа со конец кој го тргаше некој од постарите, а потоа ни го даваа забот да го однесеме на дрен дрво, за да бидат забите како дрен...*

*Честопати старите не тераа да џвакаме земја и ќумур за да не се расипуваат забите, па бидејќи нашите куќи беа ѕидани од земја, често гризевме со забите по ѕидовите...*

*Старите не тараа да јадеме јаболка за да не ни се расипуваат забите и за да ги исчистиме од заостанатата храна..."*

*"Единствени "лекови"*, вели баба Зора, *за забоболката беа лутата ракија и фосфорот кои се ставаа на болен заб"*, и продолжува: *"Јас уште како мала ги триев забите со сол за да бидат бели и затоа денеска не ми недостасува ниту еден заб на седумдесет години, па често луѓето ме прашуваат да не се вештачки...*

*Често кога магиите и баењата, како и бабините "лекови" не помагаа кај расипаните заби, ние ги вадевме кај забовадачи".*

Во ракописот на Ванчо Роглев, студент на стоматологија од Кавадарци, пишува: *"Од кажувањата на нашите баби и дедовци можеме да забележиме дека главна улога во лекувањето, поточно во вадењето заби има берберот. Едно такво кажување за вадењето заби забележав кај дедо ми. како што вели тој, берберот Ѓорѓи бил тој што ги вршел тие "заболекарски работи". Еден ден дедо ми го заболело заб и побарал помош од берберот Ѓорѓи. Тој, иако имал работа, веднаш прекинал, му рекол да седне, ја откачил клештата што била над огледалото, ја измил со вода и за кратко време го извадил забот и му ставил сол да ја запре крвта. Ѓорѓи, освен што бил бербер, бил и свирач по веселби, така што ако некој на веселбата го заболело заб, тој на "самото место" го вадел забот и ја*

*отстранувал болката. По преданието, за вадењето заби, покрај берберот, учествувале и други луѓе кои биле без образование, обични земјоделци, коишто немале страв. Тие, пред да почнат да вадат заб, испивале по една ракија за да им мине стравот.*

*Според кажувањето на дедо ми, многу одамна, за време на турското ропство, за лекување на забите користеле моч од мало дете, да шубурка во устата".*

Во ракописот на Жаклина Менчева, студент по стоматологија, е изнесено раскажувањето на баба Дунавка од с.Сланско, Македонски Брод ... *"уште кога била дете, пред легнување ги миела забите со готварска сол или "лебна сол", отстранувајќи ги наслагите од храна, и покрај тоа што знаела дека солта ги нагризува забите. Подоцна бил користен рибарски конец, кој се провлекувал меѓу* забите. *Потоа со свилено или волнено крпче на дрвце се триеле и се плакнеле со чај од камилица, кој служел и како лек кога некој го болеле забите. Луѓето натопувале разни крпи во чај од камилица, ги ставале како облоги, со што колку-толку болката попуштала, но ако забот бил шуплив во него се ставал топол темјан од кој поминувала болката. Темјанот и ден денеска се употребува како лек во ова село, се разбира, од постарите".*

Во ракописот на Даниела Иваноска, студент на стоматологија, е содржано раскажувањето на Десанка Здравеска од с.Леуново, Гостиварско: ... *"на седум години имала силна болка на заб, па ја однеле кај некој оџа во селото кој бил прочуен и во околните села за вадење заби. Примал во својата куќа, а за вадење имал само еден вид клешти. На местото на болниот заб ставал непознат лек со непријатен мирис, во цврста состојба, а по вадењето на забот одредено време препорачувал да се чува алкохол во устата. Извадените заби од деца ги фрлал на покривот од куќата со благослов: "Еве коскен, дај ми златен".*

"Јован Тројачанец од Прилеп раскажува како *и самиот вадел заби, а таа способност ја наследил од татко Јордан му и чичко му Методија Тројачанец. За работа имал три вида клешти и едно ноже за вадење корени. "Пациентите" ги примал дома, на местото од извадениот заб ставал сол за јадење или алкохол. Таа работа, како што вели тој, одела брзо и едноставно".*

*Со никнувањето на првото запче, до перницата од дететот во еден сад се ставало пченица и бел бисер, за да бидат забите како бисер нанижани.*

*Друг обичај за детето да има здрави заби бил обичајот, според кој, додека не го крстел детето кумот не смеел ниту да јаде нешто ниту да пие. Ако на детето потоа му се расипувале забите, вината се фрлала на кумот, дека тој кришум, дента кога било крштевањето, пред самото крштевање, нешто јадел или пиел"*

## Дискусија

Од изложениот материјал може да се заклучи дека кажувањата потекнуваат од македонската етничка екумена. Тие го опфаќаат времето од периодот на турската доминација, па се до Втората светска војна. Може да се забележи несоодветна обученост на студентите во собирањето на материјалите. Автентичноста на кажувањата е нарушена и со тоа што истражувачите користеле свои дијалекти, односно локална лексика. Оттаму се препознатливи и дијалектите на испитаниците од централното и западното подрачје на Република Македонија. Споредбените податоци од литературата и регистрираните раскажувања зборуваат за непосредна сличност како во начинот на лекувањето, така и во верувањата, баењата и благословите кај Македонците со другите балкански народи. Значително се чувствува и присутноста на религијата и мистиката во разрешувањето на забоболката. Одделни карактеристики и специфичности укажуваат на времето во кое се живеело. Тие ја илустрираат и застапеноста на дијалектите под влијание на турскиот, бугарскиот и српскиот јазик.

И покрај големата непросветеност и религиозните заблуди, живиот збор и занаетот на забовадачите биле еден вид наследни. Пренесувањето на знаењата одело од колено на колено, во рамките на потесното или поширокото семејство, или преку еснафските организации. Во нив се присутни извесни мали модификации што зависеле од степенот на природната интелигенција на поединецот и неговата здрава логика. Присутни се, исто така, многу нелогичности, шарлатанство, празноверици и непросветеност. Нивната застапеност кај Македонците не отстапува од соодветните кај другите народи. Но, независно од сите спомнати позитивни и негативни влијанија, во основа, сепак се препознатливи специфичните карактеристики на македонскиот етнос.

Сигурно е дека побогата збирка на поавтентични кажувања ќе даде и поголеми докази за начинот и средствата за лекување на забоболката. На тој начин ќе се збогати историјата на етностоматологијата на македонските простори.


## Summary

## ETHNODENTISTRY IN MACEDONIA

**Daševski B.**

This paper deals with a segment of cultural and historical inharritage of Macedonian nation. It reffers to folk medicine and believes related to toothacke and mouth diseases. By anquetting and retailing, information revealing quackery and the way of delivery of „adequate„ help, are gethered.


Key words: history of dentistry

## Литература


1. Gavrilović V. Uvod u stomatologiju, Medicinska knjiga, Beograd-Zagreb, 1980.
2. Etnološka baština okolice Zagreba, Zadružna štampa, Zagreb, 1988.
3. Кажувања на испитаниците (во ракопис, кај авторот)
4. Стефанија Д. (ед). Македонски лечебник од 19. век. Македонска книга, Скопје, 1985.
5. Minarčik F. Od staroslovenskog vraštva do savremenog leka. Slovensko farmacevtsko društvo, Ljubljana, 1971.


* * *

## VII СОБИР НА СТОМАТОЛОЗИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

### ДОЈРАН, 20-22 МАЈ 1993 Г.

Во организација на Стоматолошкиот факултет во Скопје и Стоматолошката секција при Македонското лекарско друштво, а под спонзорство на Лек-Скопје & Lek Ljubljana, од 20 до 22 мај 1993 година, во Дојран, се одржа VII-от собир на стоматолозите од Македонија.

На Собирот учествуваа повеќе од 400 учесници од земјата и 9 од странство, а беа презентирани 56 стручни и научни реферати.

Собирот работеше по следниве главни теми, во пет сесии:

- Презентација на најновите научно-стручни сознанија од областа на сите стоматолошки дисциплини и нивната апликативност во секојдневната рутинска практика
- Презентација на сопствените сознанија и искуства за апликативноста на стоматолошките материјали од новата генерација
- Презентација на видео филмови за најновите достигнувања во стоматологијата од програмата на "Лек-Скопје" и „Lek-Ljubljana"

**Проф. д-р Марија Накова**